РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
БР. 10 - 1048/1
01. 11 2024 год.
ДЕМИР ХИСАР

# ПОСТАПКА ЗА ПЛАНИРАЊЕ И ДОНЕСУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР



1. **Намена и цел на постапката**

Постапката е наменета заради појаснување на начинот на планирање и усвојување на Буџетот на Општина Демир Хисар како и тоа кои се поедининци и одделенија учествуваат во овие процеси.

2. **Примена на постапката:**

Постапката ја применуваат Градоначалникот, Советот на општината, раководителот на оделението за финансиски прашања, одговорните лица за процесите и други.

3. **Активности при планирање и донесување на Буџетот на Општина Демир Хисар**

Раководителот на одделението за финансиски прашања доставува циркуларно писмо до директорите на локалните јавни установи (детската градинка, Домот на културата, училиштата за основно и средно образование) а до раководителите на одделенијата во Општина Демир Хисар го доставува или усно го презентира на состанок.

Циркуларното писмо претставува известување дека одделението за финансиски прашања ја започнува постапката за планирање на буџетот на Општина Демир Хисар и сите нивни предлози, мислења и барања да се достават до одделението за финаниски прашања. По приемот на циркуларот, раководителите на одделенијата и директорите на јавните установи одржуваат состанок со одделението за финансиски прашања при што се разгледуваат годишните програми согласно кои се определуваат приоритетите на општината. Директорите на јавните установи даваат смерници за планирањето и начинот на распределување на самофинансирачките средства. Раководителот на одделението за финансиски прашања доставува обрасци за планирање на средствата.

Градоначалникот ги прибира предлозите од месните и урбаната заедница, на начин и форма пропишани со Статутот на Општина Демир Хисар.

По прибирањето на сите предлози, мислења и барања, раководителот на одделението за финансиски прашања континуирано се координира со Градоначалникот и го изготвува предлог-буџетот односно нацрт-буџетот.

Додека се подготвува предлогот, од Министерството за финансии се добиваат индикатори т.е. информации за блок-дотациите за локалните јавни установи.

Пред објавување на предлог-буџетот на интернет страницата на општината, тој повторно се разгледува со Градоначалникот.

Со објавувањето на предлог или нацрт-буџетот, течат 10 денови за предлози и сугестии од граѓаните.

Потоа, предлогот се става на разгледување на матичната комисија при Советот на Општина Демир Хисар. На истата седница се разгледуваат и предлог годишните планови за работа.

По истекот на 10 дена, до крајот на календарската година предлог-буџетот се става на дневен ред на седница на Советот на Општина Демир Хисар.

Усвоениот буџет се доставува до Министерството за финансии каде што се врши контрола и вчитување на буџетот во системот на Министерството.

## 4. Дијаграм за тек на постапка за планирање и донесување на буџетот на Општина Демир Хисар



**5. Референтни документи**

Закон за локална самоуправа

Закон за финансирање на единиците на локална самоуправа

Закон за буџетите

Закон за извршување на Буџетот на РСМ

Закон за сметководството за буџетите и буџетските корисници

**6. Записи**

Годишни програми на одделенијата на Општина Демир Хисар

Циркуларно писмо

Предлози од раководителите на одделенијата

Предлози од граѓаните при месните заедници

Предлози од локалните јавни установи

Предлог (нацрт) буџет

Буџетски календар

Одлука за извршување на буџетот на Општина Демир Хисар

Изработил: Марина Поповска, самостоен референт за сметководствени работи

Одобрил: Влатко Станковски, раководител на одделение за финансиски прашања

Градоначалник на
Општина Демир Хисар
Никола Најдовски

______________________________